**20242584484**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19 и 39/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)**

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22, 25/23, 74/23, 166/23, 202/23, 275/23 и 91/24), во членот 1 во ставот (2) по бројот „499“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 500, се додаваат пет нови Прилози 501, 502, 503, 504 и 505, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4702/9
17 декември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр.32024R0339, CELEX бр.32024R0353, CELEX бр.32024R0964, CELEX бр.32024R0965 и CELEX бр.32024R0966.

**Прилог 501**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 339/2024** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Нови пневматски гуми, со следните карактеристики:<br><br>(а) големина 155/70R12C;<br><br>(б) тип на конструкција „R“;<br><br>(в) ширина на пресек од 155 mm;<br><br>(г) дијаметар на бандажот од 12 инчи;<br><br>(д) индекс на оптоварување 104/102 (соодветна максимална маса на носивост (kg) 900/850);<br><br>(ѓ) индекс на брзина „N“ (максимум 140 km/h).<br><br>Гумите, без разлика дали на нивните странични ѕидови се означени со натпис „FRT“ (анг. *free rolling type*) или „анг. For Trailer Use Only” (само за приколка), имаат индекс на оптоварување што не надминува 104. Обично се наменети за приколки, но може да се користат и кај автобуси или камиони. | **4011 20 10** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. број 4011 и тар. подброеви 4011 20 и 4011 20 10.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 4011 90 00 како други пневматски гуми е исклучено бидејќи по своите карактеристики гумите се соодветни за употреба и кај автобуси и камиони. Натписот „FRT“ (анг. *free rolling type*) или „Само за приколка“ на самата гума и нивната намена за приколки не ги менуваат карактеристиките на гумите што ги прави подобни за употреба кај автобуси или камиони.<br><br>Оттука, гумите треба да се распоредат во тар. подброј 4011 20 10 како гуми од вид што се користи кај автобуси или камиони со индекс на оптоварување не поголем од 121. |

**Прилог 502**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 353/2024** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Препарат кој се состои од 17 % тежински полицикличен пептид низин измешан со 83 % тежински натриум хлорид.<br><br>Натриум хлоридот се додава како прв чекор во постапката на прочистување при производство на низин. Во следниот чекор, понатаму натриум хлорид се додава исклучиво за стандардизирање на препаратот додефинирана антибиотска активност.<br><br>Препаратот се користи како додаток во исхраната за спречување на растот на бактериите. | **3824 99 96** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 кон Глава 29 и наименуванијата на тар. број 3824 и тар. подброеви 3824 99 и 3824 99 96. Натриум хлоридот содржан во подготовката се додава за стандардизација, а не за нутритивни цели. Подготовката се користи како технички прехрамбен адитив и не се смета за мешаница на хемикалии со прехранбени производи или други супстанции со хранлива вредност во смисол на Забелешка 1(б) до Глава 38. Затоа, распоредувањето како прехрамбен производ од тар. број 2106 е исклучено (види Коментарски забелешки на Хармонизиран систем за Глава 38, Општо, петти став). Распоредување во Глава 29 е исклучено бидејќи натриум хлорид е додаден со намера да го направи препаратот погоден за специфична употреба како прехрамбен адитив со дефинирана антибиотска активност. Исто така, натриум хлоридот не е нечистотија што произлегува од производен процес (види Забелешка 1 точка (а) од Глава 29 и Коментарски забелешки на ХС за Глава 29, Општо, точка (А), втори и петти став).<br><br>Оттука, подготовката треба да се распореди во тарифен подброј 3824 99 96 како други подготовки на хемиската или сродните индустрии, неспомнати или вклучени на друго место (види исто така по аналогија мислење за распопредување на Хармонизиран систем 3824.99/3). |

**Прилог 503**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 964/2024** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Уред кој се носи на зглоб, напојуван со батерии (т.н „паметен часовник“), кој се состои од екран во боја чувствителен на допир по AMOLED технологија со дијагонала приближно од 2,8 cm и со силиконски ремен, спакуван заедно со неговиот полнач како сет за малопродажба.<br>Уредот исто така содржи:<br>— 2 MB RAM, 32 MB ROM;<br>—батерија од 159 mAh;<br>— сензор за акцелерометар, жироскопски сензор, оптички сензор за мерење на срцевите отчукувања;<br>— модул за Bluetooth поврзување 5.1.<br>Уредот не е опремен со eSIM/SIM картичка и во него не може да се вметне SIM картичка. Не е опремен со технологија на комуникација на блиско поле.<br>Уредот, без да се спари со друг уред, може да се користи за следново:<br>— прикажување на време и датум;<br>— мерење на отчукувањата на срце;<br>— мерење на времетрање на фазите на сон;<br>— броење на направени чекори;<br>— бележење на брзина.<br>Уредот може да се спари или да се поврзе со друг уред, како што е паметен телефон („уред домаќин“) преку Bluetooth. По спарувањето, измерените податоци се пренесуваат на споениот уред за понатамошна обработка (преку неговите апликации).<br>По спарувањето, уредот ги овозможува и следниве функции:<br>— прием на известувања за телефонските повици со можност само да се одбијат истите (на телефонските повици не може да се одговори),<br>— проверка на известувањата за примени SMS пораки со прикажување на првиот дел од текстот на пораката и одговор на истите (уредот нуди SMS функција за брз одговор со предефинирани кратки текстови, но нема можност да се состави целосна, приспособена порака),<br>— управување со музичките апликации на спарениот уред,<br>— управување со различни функции поврзани со програмите за телесното здравје и спортски активности,<br>— следење на нивото на стрес. | **9102 12 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б), 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 точка (к) кон Оддел XVI и наименуванијата на тар. број 9102 и тар. подброј 9102 12 00.<br><br>Паметниот часовник со полначот се сметаат како стока спакувана во сет за малопродажба согласно Основното правило 3(б). Паметниот часовник е компонента што на целината и дава суштински карактер.<br><br>Паметниот часовник е сложен производ наменет за извршување на функции од тар. број 8517 (комуникациски апарат), тар. број 9029 (педометар), тар. број 9031 (мерење или апарати за проверка) и тар. број 9102 (рачен часовник).<br><br>Паметниот часовник има многу други функции покрај онаа од тар. број 8517 што може да ги изведува без да биде спарен со друг уред, како што се мерење на отчукувањата на срцето, броење на направени чекори или прикажување на времето и датумот. Различните функции што ги извршува паметниот часовник се подеднакво важни за неговата употреба. Следствено, не е можно да се одреди неговата главна функција, т.е. компонентата која го дава неговиот суштински карактер во рамките на значењето на Основното правило 3(б). Паметниот часовник затоа не се споредува со производот опишан во Мислење за распоредување на Хармонизиран систем во 8517 62/23.<br><br>Следствено, паметниот часовник треба да се распореди во тар. подброј кој се јавува последен во нумерички редослед меѓу оние кои подеднакво се земаат во предвид со примена на Основното правило 3(в).<br><br>Оттука, паметниот часовник треба да се распореди во тар. подброј 9102 12 00 како рачен часовник, електрично управуван, без разлика дали вклучува стоперка, само со оптичко-електронски екран. |

**Прилог 504**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 965/2024** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обувки со горниште изработено од плетена текстилна ткаенина (100% волна) со текстилна постава.<br>Обувките имаат пластичен ѓон. Делот од ѓонот што е во контакт со подот има мазна, рамномерна површина. Десет прави резови, паралелни едни со други, што се сечат кај ѓонот покривајќи го делот на петата како и предната страна на ѓонот. Ѓонот е понизок напред отколку во делот на петата.<br>Обувките имаат врвки за прицврстување. Метални окца се вметнати директно во плетената текстилна ткаенина.<br>(Види фотографија) (*)<br> | **6404 19 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешките 4 (а) и (б) кон Глава 64 и наименуванијата на тар. број 6404 и тар. подброеви 6404 19 и 6404 19 90.<br>Распоредувањето во тар. подброј 6404 11 00 како тенис чевли, кошаркарски чевли, обувки за вежбање, обувки за тренинзи и слично е исклучено, бидејќи обувките не се дизајнирани за некоја од овие спортски активности ниту се дизајнирани за спортска активност слична на тенис, кошарка, теретана или тренинг. Ваквите спортски активности вклучуваат трчање, скокање, брзи вртења и ненадејни запирања. Затоа ѓонот на овие обувки е направен така да има карактеристики што вршат амортизирање на ударите што произлегуваат од тие движења или пак се прилагодливи на специфичната спортска активност. Таквите карактеристики би можеле да бидат, на пример, воздушни или гасни влошки, особено во делот на петицата на обувките што ги апсорбираат ударите. Но, овие обувки немаат такви карактеристики. Паралелните резови едни на други, му даваат на ѓонот флексибилност идеалена за пешачење. Фактот што ѓонот е понизок во предниот отколку во делот на петицата исто така го поддржува движењето при одење. Сепак, без дополнителните карактеристики ѓонот не е погоден за трчање или скокање.<br>Покрај тоа, материјалот на горништето е прилично еластичен поради тоа што е хеклана волна која се витка од силните странични сили при нагло вртење. Понатаму, окцата не се зајакнати туку се директно втиснати во еластичниот плетен материјал, а врвките за прицврстување не се погодни за ненадејни движења. Плетената волна се витка под дејство на силите на кои е изложена. Оттука, горниот дел не е дизајниран за да обезбеди стабилност на стапалото и рамнотежа при трчање, скокање, ненадејно вртење или запирање.<br>Следствено, производот е дизајниран како секојдневни рекреативни обувки за одење.<br>(Видете ги и ставовите од три до седум од Коментарот на Комбинирана номенклатура за тарифен подброј 6404 11 00).<br>Затоа, производот треба да се распореди во тар. подброј 6404 19 90 како други обувки со надворешен ѓон од пластична маса и горниште од текстилен материјал. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 505**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 966/2024** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на густо ткаена навлака, од еднобојна 100% памучна ткаенина, со приближни димензии 80cm X 80cm. Рабовите се зајакнати со ткаена прирабница.<br><br>На едната страна се наоѓа отвор од приближно 25 cm за да се овозможи полнењето.<br><br>После увозот навлаката е наменета да се наполни на пр. со пердуви и/или пух после што отворот ќе биде затворен како производот перманентно би станал перница.<br><br>(Види фотографија) (*)<br><br><br><br> | **6307 90 98** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. број 6307 и тар. подброеви 6307 90 и 6307 90 98.<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 9404 како опрема за кревети и слични производи е исклучено бидејќи производот нема карактеристики на целосен производ од тар. број 9404 во смисол на општото правило 2(а). Производот сеуште не е наполнет со никаков материјал. Распоредувањето на производот во тар. број 6302 како постелнина е исклучено затоа што производот нема карактеристики на на постелнина од тар. број 6302, каде се вклучени производите како што се чаршафи, навлаки за перница навлаки за јоргани или навлаки за душеци. Таквите производи се дизајнирани за да може да се навлечат, на пр. на перницата или јорганот и може лесно да се отстранат од нив во секое време (види коментарски објаснувања на Хармонизиран систем за тар. број 6302 прв став точка 1).<br><br>Производот ја нема истата функција или употреба како постелнина од тар. број 6302; станува збор за сосема друг производ кој трајно се затвора после полнењето. Густо ткаената ткаенина како и фактот дека производот е трајно затворен, гарантираат дека материјалот од полнењето неможе да излезе надвор. Материјалот од полнењето не може лесно да се отстрани после полнењето. За разлика од навлаката за перница, производот станува дел од перницата. Исто така, производот нема да биде во директен контакт со корисникот, бидејќи пред употреба ќе биде прекриен со навлака за перница (самата постелнина).<br><br>Бидејќи производот не може да се распореди во тарифен број што е поконкретен од тарифниот број 6307, производот ќе се распореди во тарифен подброј 6307 90 98 како други готови производи од текстилни материјал. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер